Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 27.10.17
Орг.единица: 43 | Број: 6060/3

Министерство за транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски
Црвена Скопска општина бр.4, 1000 Скопје,
Република Македонија

Поштенска адреса
Ул. Даме Груев број 6, 1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. + 389 (0)2 3145 497
Факс: + 389 (0)2 3126 228
Е-пошта: info@mtc.gov.mk
Сајт: www.mtc.gov.mk

Бр. 02-9903/1-2017

Датум: 19.10.2017 година

До: **Г. Драги Рашковски**
**Генерален секретар на**
**Владата на Република Македонија**

Предмет: **Мислење во однос на допис доставен до Одделението за соработка со невладини организации**

Почитуван г. Рашковски,

Во однос на дописот испратен до Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, од страна на Здружението за електрични возила „Електромобилност Македонија" – Скопје, по Ваше барање Ви го доставуваме следното мислење:

Предлог-политиките, дадени од страна на Здружението за електрични возила „Електромобилност Македонија", со цел истите да станат дел од Програмата за Владата на Република Македонија за 2018 година претставуваат сериозна основа за разгледување на секоја иницијатива, содржана во овој предлог, поединечно.

Оттука, а заради обемноста на предложените мерки и специфичноста на материјата, предлагаме создавање на работна група со претставници од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно

планирање, Министерството за финансии, Заедницата на единици на локалната самоуправа, како и Здружението за електрични возила „Електромобилност Македонија". Целите на оваа работна група би била во што пократок временски период да ги изготви соодветните истражувања, анализи и да изготви соодветен извештај за оправданоста од овие мерки.

Однапред Ви благодарам за соработката.

Со почит,

**Министер,**
**Горан Сугарески**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ СКОПЈЕ

Изработил:
Драган Симоновски